ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

12-1313/1
23-01-2015

Од Фонд за здравствено осигурување на Македонија
До ПЗУ општа медицина____________________________________

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Осигурените лица од Р.Македонија кои имаат заболување на тироидната жлезда – хипотиреоза и кои се упатуваат на повисоко ниво на здравствена заштита спацијалист/субспецијалист секоја година само за да направат лабораториско испитување и потврдување на истата терапија, од 01.11.2014 година таа услуга можат да ја добијат кај матичниот лекар.

Пациентите со дијагностицирана хипотиреоза кои се поставени на соодветна доживотна супституциона терапија од страна на лакар специјалист/субспецијалист својата здравствена состојба и ефикасноста на терапијата можат да ја следат многу поедноставно, само еднаш годишно, со посета кај матичен лекар. Пациентите со дијагностицирана хипотиреоза кои се на доживотна супституциона терапија согласно упатствата на медицина базирана на докази треба да се следат еднаш годишно на примарно ниво. Избраните лекари потребно е со „Образец ЛУ1" директно да ги упатат пациентите на биохемиско/лабораториско испитување за одредување на вредноста на TSH (тиреостимулирачки хормон) во било која лабораторија, која има договор со Фондот. Лекарот при издавањето на ЛУ1 образецот за испитување на TSH (тиреостимулирачки хормон) задолжително треба да ја наведе дијагнозата на болест -Хипотиреоза и шифрата на дијагноза по МКБ 10-Е03. Доколку вредноста на TSH (тиреостимулирачки хормон) е во рамките на нормалните вредности и се движи од 0,4-4,5µU/ml, матичниот лекар продолжува да ја пропишува супституционата терапија. Меѓутоа првичното дијагностицирање на болеста и одредување на терапија го прави лекарот специјалист/суспецијалист, додека избраниот лекар продолжува да ја следи ефикасноста на терапијата и истата ја пропишува доколку вредноста на TSH (тиреостимулирачки хормон) е во рамките на наведената граница. Во случај кога вредноста на TSH (тиреостимулирачки хормон) е надвор од наведената граница, избраниот лекар го упатува осигуреното лице на повисоко ниво на здравствена заштита (специјалист/субспецијалист) за дополнителни испитувања и евентуална промена на терапијата.

Со почит,

**Директор,**
М-р Маја Парнарџиева Змејкова

**Директор,**
Џемали Мехази
Xhemali Mehazi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА 3 СКОПЈЕ

Изготвил: Д-р Даниела Каркински
Согласен: Амела Цана
Одобрил: Бранко Аџигогов